Локални избори 2013

# КАНДИДАТ: ВЛАДИМИР ТАЛЕСКИ

## ОПШТИНА: БИТОЛА

## ПЕРИОД: 2009-2013

## ОПШТИНА: БИТОЛА

## РЕЗУЛТАТИ:




## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Градоначалникот Владимир Талески во својата предизборна програма за периодот 2009-2013 има наведено 138 проекти. Според анализата на Вистиномер, од овие проекти: 42% се неисполнети, 37,7% се исполнети, 18,1% се делумно исполнети, за 2,2% се недоследни.

*Оценето од: Марија Теговска*

## 1. **Реконструкција и отворање на пругата Битола- Лерин**

**Образложение**:
Во текот на месец јуни 2012 година, на средбата на градоначалникот на Општина Битола со градоначалникот на Општина Лерин, се разговарало за изградбата на пругата Битола-Лерин, што е дело од проектите кои според предизборната програма на градоначалникот Талески, требаше да бидат остварени во текот на неговиот 4 годишен мандат. И покрај тоа што се преговараше за овој проект и беше најавено дека се предвидени 8,6 милиони евра за изградба на пругата Битола-Лерин, сепак оваа пруга се уште не е изградена.

**Линкови**:

- http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=75121014366&id=9&setIzdanie=22622 [Пристапено на: 07.02.2013]
- http://www.utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=EC16A3CAE5FD5C41B60CD384586BD99B [Пристапено на: 07.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/pruga-do-lerin-za-spas-na-stopanstvoto [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 2. Доизградба и отворање на индустриската зона „Жабени“

**Образложение**:
Во текот на цела 2012 година, во делот на индустриската зона „Жабени“ се продадоа 45 парцели на вкупно 26 инвеститори. На крајот на 2012 година, започнаа со работа и првите вработени во Кромберг и Шуберт. Моментално има 200 вработени.

**Линкови:**

- Битола со Лерин и со Солун заедно до европски пари [Пристапено на: 07.02.2013]
- Мирсад Јунуз ќе гради фабрика во жабени [Пристапено на: 07.02.2013]
- Повелете на тура за иднината “Жабени” [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 3. Изградба на старото кино на Браќата Манаки во Битола

**Образложение:**
И покрај тоа што изградбата на старото кино на истото место каде што порано било киното на браќа Манаки беше најавено да биде изградено во текот на 2012 година, градоначалникот на Општина Битола, Владимир Талески, на почетокот на 2013 година најави дека Општината преку оглас почна да прибира понуди за изработка на техничка документација за изведување на инсталации за греење, ладење и вентилација во киното Манаки. За остварување на ова ветување во буџетот беа предвидени 10.000.000ден кои со ребалансот се префрлија за наредната 2013година.

**Линкови:**

- Битола ќе го добие киното на Манаки [Пристапено на: 07.02.2013]
- Талески за киното Манаки [Пристапено на: 07.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/nova-rebalans-vo-nova-sala-na-sovetot [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 4. Изградба на 1 пливачки базен во соработка со АМС

**Образложение:**
На почетокот на 2013 година распишан е тендер за изградба на затворен базен во Општина Битола. Според вработените во Општината во предвидениот рок никој не ја достави потребната документација. Со тоа се потврдува дека базенот кој што требаше да биде изграден во текот на изминатите 4 години се уште не е изграден.

**Линкови:**
- Ништо од тендерот за изградба на затворен базен [Пристапено на: 07.02.2013]
- Се распиша тендер за затворен базен [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 5. Изградба на пешачка патека

**Образложение:**
Изградбата на пешачка патека околу училиштето Коле Канински, на почетокот на 2013 година е во завршна фаза.

**Линкови:**
- Поголема безбедност за учениците [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 6. Изградба на 1 тениско игралиште во соработка со АМС

**Образложение:**
Во рамките на проектот на Владата за градење на нови спортски сали, изградено е тениско игралиште во СОУ „Ѓорѓи Наумов“.

**Линкови:**
- Отчет, страна 80 [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 7. Изградба на 1 спортска сала за вежбање во соработка со АМС

**Образложение:**
Изградена е нова спортска сала „Павел Шатев“. Салата е изградена со средства од Владата на Р. Македонија, и располага со трибини за 500 гледачи.

**Линкови:**
- http://www.tera.mk/aktuel/vmro-09-07-2012 [Пристапено на: 07.02.2013]
- Отчет, страна 80 [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 8. Отворање дневен центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години

**Образложение:**

Во текот на месец декември 2012 година, од страна на здружението „Порака“, во кое членуваат родители на деца со посебни потреби, истакнаа дека во Општина Битола недостасува дневен центар и средно училиште за лица со интелектуална попреченост над 18 години.

**Линкови:**

- Проблемите на лицата со хендикеп

**Оценка: Неисполнето**

## 9. Развивање социјални мрежи за добивање топол оброк – народни кујни

**Образложение:**

Во рамките на проектот на Владата кој започна од 2007 година и во Битола се отворија народни кујни. Јадењето се подготвува во детска градинка, а се дели напладне во месните заедници „Тодор Ангелевски“, „Блаже Рогозинаро“ и „Коле Лачето"

**Линкови:**

- Празнично гравче за Св. Нектариј Битолски [Пристапено на: 07.02.2013]
- Каква храна јадат гладните во Битола [Пристапено на: 07.02.2013]
- Отчет, страна 90 [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 10. Реконструкција на постојаните детски градинки и отворање нови во урбаните и руралните средини со поддршка на Владата на Р.М

**Образложение:**

Во текот на 2011 година, отворена беше новата детска градинка која е во рамките на градинката „Мајски Цвет“. И со тоа претставува единствена градинка која се изгради во последните 4 години. Што се однесува на отворање на градинки во руралните средини, се уште не се изградени. Во текот на месец јануари 2012 година 2 градинки во Општина Битола се реновираа. Во истиот период дел од родителите чии деца престојуваат во градинката Пролет и во градинката во с. Кравари се жалат од условите во истите.

**Линкови:**

- Зошто на 30 се реновираат градинките [Пристапено на: 07.02.2013]
- За иднината на градинката во кравари [Пристапено на: 07.02.2013]
- Преку дрвена штица до градинка [Пристапено на: 07.02.2013]
- Отчет, страна 88 [Пристапено на: 07.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 11. Реконструкција на Домот за стари лица „Сју Рајдер“

**Образложение:**

Во текот на месец јануари 2012 година, беше потпишан договор за реконструкција на Домот за стари лица „Сју Рајдер“. Според договорот предвидено беше реконструкцијата да се заврши во рок од една година. Според градоначалникот на Општина Битола: „Годинава нема да заврши во целост реконструкцијата се надевам дека до крајот на градежната сезона ќе успееме да го сведеме делот до карабина, а наредната година цел проект за реконструкција на Сју Рајдер да биде завршен во целост.“

**Линкови:**

- Потпишан договорот за старскиот дом Сју Рајдер [Пристапено на: 09.02.2013]
- Општината со одговор на пресот на СДСМ [Пристапено на: 09.02.2013]
- Талески за старски дом [Пристапено на: 09.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 12. Отворање на дневен центар за деца на улица со поддршка на Владата на Р.М

**Образложение:**

На 23 септември 2010 година, отворен беше Дневен центар за деца на улица. Оваа активност е дел од проектот на УНИЦЕФ „Прекинување на кругот на социјална исклученост на децата Роми“.

**Линкови:**

- Денес ќе биде отворен дневен центар за деца на улица во Битола [Пристапено на: 09.02.2013]
- Отворен дневниот центар за деца на улица [Пристапено на: 09.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 13. Асфалтирање и поставување тротоари на ул. Васко Каранѓелевски од ул. 13-ти Јули до ул. Романија

**Образложение:**

По направената проверка на лице место, може да се заклучи дека овој дел од улицата Васко Каранѓелески, не е асфалтиран и не се поставени тротоари.

*Оценето од: Марија Теговска*

**Оценка: Неисполнето**

## 14. Уредување на тротоари на ул. „Едвард Кардељ“

**Образложение:**

По направената проверка на лице место и фотографирање на улицата, може да се заклучи дека тротоарите на улицата Ердвард Кардељ не се уредени.

*Оценето од: Марија Теговска*

**Оценка: Неисполнето**

## 15. Уредување на малиот парк кај ОУ Стив Наумов

**Образложение:**

По направената проверка на лице место и фотографирање на улицата, може да се заклучи дека малиот парк што се наоѓа кај Основното училиште Стив Наумов не е уреден.

*Оценето од: Марија Теговска*

**Оценка: Неисполнето**

### 16. Реконструкција на канализациската мрежа и асфалтирање на ул. Ѓорѓи Наумов

**Образложение:**

По направената проверка на лице место, како и по разговорот со дел од жителите на улицата Ѓорѓи Наумов, може да се заклучи дека улицата не е асфалтирана и не е поставена канализациска мрежа.

**Оценка: Неисполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 17. Асфалтирање на ул. „Цар Самоил“

**Образложение:**

По направената проверка на лице место може да се заклучи дека дел од улицата Цар Самоил е асфалтирана, а дел не е .

Делот од улицата кој што е асфалтиран:

Дел од улицата кој не е асфалтиран:

*Оценето од: Марија Теговска*

**Оценка: Делумно исполнето**

### 18. Реконструкција и уредување на автентичната битолска рекреативна зона Тумбе кафе

**Образложение:**
Направен е детален урбанистички план на Тумбе кафе, парите за проектот за негова реконструкција се очекуваат во 2013 година.

**Линкови:**

- Митинг на Владимир Талески , за промоција на својата нова програма за претстојните локални избори. [Пристапено на: 09.02.2013]
- Се враќа сјајот на Тумбе кафе [Пристапено на: 09.02.2013]
- Ќе се гласа новиот буџет [Пристапено на: 09.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

### 19. Изградба на пречистителна станица

**Образложение:**
Во текот на месец октомври 2011 година, во соработка со амбасадорот на Република Словенија, најавена беше изградбата на пречистителната станица. Нејзината изградба почна, но се уште не е целосно завршена и пуштена во употреба.

**Линкови:**

- http://www.kanal5.com.mk/default.aspx?mId=37&eventId=81821&utm_source=daily.mk [Пристапено на: 09.02.2013]
- Пречистителна станица ќе ја бистри градска река [Пристапено на: 09.02.2013]
- Првин истрагата, потоа “Копанки” по закон [Пристапено на: 09.02.2013]
- Стокмена програмата за 4ти Ноември [Пристапено на: 09.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 20. Археолошки истражувања и ископувања, со поддршка на Владата

**Образложение:**
Во рамките на археолошките истражувања што се спроведуваат до Битола, во текот на 2012 година беше откриен гимназиумот во Хераклеа.

**Линкови:**

- Откриен гимназиум во Хераклеа Ликестис [Пристапено на: 10.02.2013]
- Список на проекти од областа на Археолошките Истражувања одобрени од Министерството за култура на Република Македонија [Пристапено на: 10.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 21. Изградба на спортско рекреативен центар на Тумбе кафе

**Образложение:**
Според градоначалникот на Општина Битола, во буџетот за 2013 година се предвидени средства за изградба на спортски комплекс на Тумбе кафе. „Битола ќе биде спортски град, веќе имаме јавен повик за идеи, нови содржини за спортскиот комплекс Тумбе кафе. Ќе распишеме тендер за изработување проект за комплексот и таму кај што сме сигурни веќе ќе изработиме проект за реконструкција, санација."

Со тоа се потврдува дека спортско рекреативниот центар се уште не е направен и се очекува тоа да се случи во текот на 2013 година.

**Линкови:**

- http://www.tera.mk/aktuel/bitola-kje-bide-sportski-grad[Пристапено на: 10.02.2013]
- http://sportcorner.com.mk/general/%D0%BF%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%80-%D1%81%D0%BE-%D0%B4%D1%83%D0%BF%D0%BB%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%BB%D0%B5%D0%BC-%D0%B1%D1%83%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%B7[Пристапено на: 10.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/kje-se-glasa-noviot-buet [Пристапено на: 10.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 22. Реновирање на градскиот стадион Тумбе Кафе по европски стандарди

**Образложение:**
Во изминатиот период не се превземени никакви активност за реновирање на градскиот стадион Тумбе Кафе. Според градоначалникот на Општина Битола, во буџетот за 2013 година се предвидени средства за изградба на спортски комплекс на Тумбе кафе.

„Исто така од таткото на градот Талевски стигна информација дека се планира и реконструкција на стадионот „Тумбе кафе". Тој истакна дека  во зависност од проектантот и нормите на УЕФА  не знае дали тоа ќе бидат две трибини од по 6.000 гледачи или пак две големи трибини за 4.000 гледачи и две помали за 2.000 луѓе."

**Линкови:**

- http://www.tera.mk/aktuel/bitola-kje-bide-sportski-grad[Пристапено на: 10.02.2013]

*Оценето од: Марија Теговска*

- http://sportcorner.com.mk/general/%D0%BF%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D1%80-%D1%81%D0%BE-%D0%B4%D1%83%D0%BF%D0%BB%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%BB%D0%B5%D0%BC-%D0%B1%D1%83%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%B7[Пристапено на: 10.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/kje-se-glasa-noviot-buet [Пристапено на: 10.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 23. Изградба на 2 фудбалски игралишта во соработка со Агенцијата за млади и спорт

**Образложение:**
Во рамките на проектот за изградба на 50 фудбалски игралишта низ цела Македонија, спроведен од страна на Владата на Р. Македонија и Агенцијата за млади и спорт, во Битола беа изградени 2 фудбалски игралишта

**Линкови:**
- http://www.ams.gov.mk/proekti/50-pomoshni-fudbalski-igralishta [Пристапено на: 10.02.2013]
- http://www.netpress.com.mk/mk/vest.asp?id=111894&kategorija=1 [Пристапено на: 10.02.2013]
- Отчет, страна 78 http://www.bitola.gov.mk/ [Пристапено на: 10.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 24. Отпочнување со работа на фондацијата Еврорегион

Македонија,Албанија,Грција) за заеднички настап пред структурните фондови на ЕУ за развој на погранични региони

**Образложение:**
Во 2010 година, проектот Еврорегион, кој требаше да ги опфати Преспа, Кожани и Корча пропадна. Според градоначалникот на Општина Битола, причина за тоа е Грција и проблемот со името.

**Линкови:**
- http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=0CA6B839918FB44593768D9A24B587CE [Пристапено на: 10.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/ambasadorot-orav-kaj-taleski[Пристапено на: 10.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 25. Изградба на 2 станбени објекти со вкупно 148 социјални станови

**Образложение:**
До 2012 година изградени се 2 станбени објекти од кои едниот со 70 станови кои се наменети за млади брачни парови, додека другиот кој има 78 станови е наменет за социјални случаи.

**Линкови:**

*Оценето од: Марија Теговска*

- http://www.kanal5.com.mk/default.aspx?mId=44&eventId=75881 [Пристапено на: 10.02.2013]
- http://www.build.mk/?p=11820[Пристапено на: 10.02.2013]
- http://kurir.mk/makedonija/vesti/93799-Preliminarno-raspredeleni-78-socijalni-stanovi-vo-Bitola [Пристапено на: 10.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 26. Изработка на нова студија за сообраќајниот режим во градот

**Образложение:**

Во август 2011 година, се донесе новата студија за сообраќајниот режим во Битола. За нејзината изработка ангажиран бил тим на експерти и истата опфаќа околу 1000 страни.

**Линкови:**

- http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/706416/index.htm[Пристапено на: 10.02.2013]
- http://www.mtv.com.mk/mk/vesti/24097/opshtina_bitola_so_nov_soobrakjaen_rezhim.aspx [Пристапено на: 10.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 27. Урбанизирање на поранешната касарна, односно вградување во новиот ГУП

**Образложение:**

На почетокот на својот мандат градоначалникот Талески, го најави урбанизирањето на касарната како дел од урбанизацијата на државните парцели. Потврда за ова добивме и во одговорот на барањето1 за пристап до информации од јавен карактер.

**Линкови:**

- http://www.time.mk/cluster/651aff8315/za-dve-godini-urbanizirani-1-648-drzavni-parceli-za-kuki.html [Пристапено на: 11.02.2013]
- http://www.utrinski.com.mk/?ItemID=C25C0C02E15B6347A537B8C779A44CDB [Пристапено на: 11.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/prodadeni-parceli-vo-kasarnata [Пристапено на: 11.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

[1] Барањата и одговорите се достапни на увид за сите заинтересирани

*Оценето од: Марија Теговска*

## 28. Продолжување на тенденцијата за отворање на нови конзуларни претставништва во градот

**Образложение:**
До 2005 година во Битола отворени биле 4 конзуларни претставништва, а до 2012 година таа бројка се искачила на 12. Државите кои имаат свои конзуларни претставништва во Битола се: Франција, Турција, Велика Британија, Хрватска, Грција, Црна Гора, Украина, Србија, Словенија, Романија, Бугарија и Руската Федерација.

**Линкови:**
- Отчет, страна 130-131 [Пристапено на: 11.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 29. Проект „Слободен паркинг простор“

**Образложение:**
„Во 2012 година се донесе одлука за издавање под концесија на паркинг местата во градот, или поточно воведување на Зонско Паркирање. Постапката е завршена, објавен е оглас и се чека да најдат концесионер кој ќе го стопанисува.“

Со ова започната е реализацијата на проектот но се уште не е завршен комплетно затоа што нема концесионер кој што ќе го води.

**Линкови:**
- http://www.tera.mk/aktuel/zonsko-parkiranje-vo-bitola [Пристапено на: 12.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/zonskoto-parkiranje-pomina-na-sovet [Пристапено на: 12.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/so-koi-problemi-se-soochuvaat-firmite-na-tenderite [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 30. Асфалтирање на патишта и улици

**Образложение:**
Во рамките на проектот за асфалтирање на патишта и улици, во периодот од 2009 до 2012 година, во согласност со ветувањата дадени во програмата асфалтирани беа следните улици:

- ул. Довлеџик модул 1
- ул. Партизанска
- ул. Иван Милутиновиќ
- Индустриски пат од Фринко до Новачки пат
- ул. Караорман-Петочна вода
- ул. Гаврило Принцип
- ул. Пецо Божиновски

Потврда за ова има во Отчетот на градоначалникот Владимир Талески, каде со слика се претставени овие улици по реновирањето, а исто така и на лице место се уверивме во тоа.

*Оценето од: Марија Теговска*

**Линкови:**

- Отчет, страна 21-27 [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

**31. Уредување на тротоари**

**Образложение:**

Во рамките на проектот за уредување на тротоари и зелени површини, во периодот од 2009 до 2012 година, во согласност со ветувањата дадени во програмата уредени беа следниве површини:

- кај стара автобуска стоковна куќа Јавор
- поплочување на тротоари во третиот дел на Градски парк
- кај Центарот за култура

**Линкови:**

- Отчет, страна 28 http://www.bitola.gov.mk/ [Пристапено на: 12.02.2013]
- http://bitola.gordsys.net/?sjajot_na_bitola_page [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

**32. Во рамките на проектот за асфалтирање на патишта во руралните средини во периодот од 2009 до 2012 година, во согласност со ветувањата дадени во програмата асфалтирани беа следните регионални патишта:**

**Образложение:**

- село Кукуречани-село Црнобуки
- до с.Граешница
- до с.Кишава
- до с.Поешево
- с.Горно Оризари-с.Кукуречани
- Ушинци-н.м Стрежево
- регионалниот пат влез во Битола

**Линкови:**

- http://bitola.gordsys.net/?sjajot_na_bitola_page [Пристапено на: 12.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

**33. Реконструкција и реновирање на основните училишта во Битола**

**Образложение:**

Како дел од проектот за реконструкција и реновирање на основните училишта во периодот од 2009 до 2012 година реконструирани беа следните училишта:

- ОУ "Даме Груев,
- ОУ "Св. Кирил и Методија"
- ОУ "Јане Сандански"
- ОУ "Ѓорѓи Сугарев"
- ОУ "Трипун Пановски
- ОУ "Јован Калаузи"

*Оценето од: Марија Теговска*

- СОТУ "Ѓорѓи Наумов"

Според учениците кои учат во овие училишта поставена е нова дограма и реновирани се тоалетите, кај дел е реновирана конструкција на покривот и се реновирани дел од училниците. Со санирањето само на дел од проблемите во овие училишта учениците имаат подобрени услови за одржување на наставата, но според нив се уште треба да се работи за подобрување на условите во училиштата.

**Линкови:**

- http://bitola.gordsys.net/?sjajot_na_bitola_page [Пристапено на: 12.02.2013]
- Отчет, страна 87 http://www.bitola.gov.mk/ [Пристапено на: 12.02.2013]
- Што се однесува на ОУ "Тодор Ангелевски", реновирањето на неговите простории се спроведуваше во 2008 година.

**Оценка: Делумно исполнето**

## 34. Поставување на софистицирана хоризонтална и вертикална сигнализација

**Образложение:**

Според градоначалникот на Општина Битола, поставувањето на софистицирана хоризонтална и вертикална сигнализација е проект кој ќе се реализира во текот на 2013 година, и со таа цел се одвоени нови 380 илјади евра. Со тоа реализацијата на ова ветување е започната со тоа што се одвоени пари за истата, но се уште не е реализирано. „Од Скопје до Битола нема табла на која пишува колку километри има до Битола, има само за Прилеп и Кавадарци.“

**Линкови:**

- http://www.tera.mk/aktuel/so-380-iljadi-evra-kje-se-belezhat-i-popravaat-ulici [Пристапено на: 15.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/sdsm-za-soobrakjajniot-haos-vo-bitola [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 35. Реновирање на зградата на противпожарната единица

**Образложение:**

Според вработените во Противпожарната служба во Битола, во изминатиот период не се направени никакви значителни градежни зафати за реновирање на зградата во која што работат.

**Оценка: Неисполнето**

## 36. Осовременување на возниот парк

**Образложение:**

Во изминатиот период набавени се 2 возила за во урбана средина и 1 возило кое е погодно за шумски терени. Со ова е збогатен возниот парк на противпожарната единица во Битола. Исто така обезбедена беше нафта со цел да се врши редовна контрола на терените во Битола, со што би се обезбедило превентивна заштита од пожари.

*Оценето од: Марија Теговска*

**Линкови:**

- Отчет,страна 92 http://www.bitola.gov.mk/ [Пристапено на: 15.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/preventivno-pred-pozharite [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

### 37. Формирање доброволни противпожарни друштва/одреди

**Образложение:**

Ова ветување е недоследно затоа што противпожарните друштва кои се основани во Битола, а тоа се ПЕГАЗ и СФЕРА, се формирани како здружение на граѓани , односно како невладини организации, кои работат на проекти. Градоначалникот не можи да формира противпожарно друштво кое е доброволно. Овие друштва се основаат како невладини организации и градоначалникот нема надлежност во нивното формирање.

**Линкови:**

- http://www.voluntarysfera.org [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Недоследно**

### 38. Реновирање и реконструкција на котлите за парно греење обнова на мрежата во училиштата каде што е потребно, санација на санитарните јазли, замена на дограмата, како и реконструкција на оградите на училиштата.

**Образложение:**

Во ОУ Стив Наумов, поставени биле нови санитарни јазли. Во подрачните училишта во Трново и Нижеполе поставено било парно греење. Во текот на 2012 година целосно била реконструирана оградата на ОУ Коле Канински.

**Линкови:**

- Отчет,, страна 82-83 http://www.bitola.gov.mk/ [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

### 39. Дореализација на проектот „Следи ја златната линија“

**Образложение:**

Дел од проектот „Следи ја златната линија“ претставува ДВД-то кое има за цел да ги претстави и мапира сите важни културно-забавни знаменитости и локации кои се интересни за секој турист. Со тоа се овозможува олеснување на турата низ градот. Според Заводот и музеј на град Битола, ова е една од причините за зголемувањето на бројот на туристи во Битола.

**Линкови:**

- http://www.tera.mk/aktuel/zgolemen-brojot-na-turisti-vo-gradot [Пристапено на: 15.02.2013]
- Отчет, страна 136 http://www.bitola.gov.mk/ [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 40. Промоција на Општината на меѓународни саеми за туризам

**Образложение:**

- Во 2009 година, Општина Битола, беше дел од меѓународниот саем за туризам во Бугарија.
- Во 2010 година Општина Битола се претстави на меѓународниот саем за Туризам во Истанбул, Турција.
- Во 2012 година на Светскиот саем за туризам во Лугано, Швајцарија, Битола беше прогласена за најавангардна туристичка дестинација во регионот.

**Линкови:**

- http://www.tera.mk/aktuel/bitola-proglasena-za-najprestizhna-destinacija-na-balkanot [Пристапено на: 15.02.2013]
- http://bitolainfo.com/index.php?option=com_content&view=article&id=646:2010-02-09-20-29-47&catid=1:novosti [Пристапено на: 15.02.2013]
- http://www.dnevnik.com.mk/?ItemID=CC7C266F17A5864E93D5AB5C7E11F193 [Пристапено на: 15.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 41. Проект „Туризам“

**Образложение:**

Отворен е туристички инфо центар, со седиште на улица Стерјо Горгиев бр.1. Телефонскиот број на овој центар е 047 241 641

**Линкови:**

- http://www.bitolatourist.info/index.php?option=com_contact&view=contact&id=1&Itemid=87&lang=mk [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 42. Реконструкција и доградба на нови објекти на Клиничката болница во Битола

**Образложение:**

Според вработените во болницата, изминатиот период во рамките на Клиничката болница во Битола изградена е посебна просторија за магнетна резонанца како и посебна VIP просторија.

**Оценка: Исполнето**

## 43. Набавка на медицинска опрема во вредност од 3.700.000 евра (радиолошка и анестезиолошка опрема, ултразвук и др.)

**Образложение:**

Во соработка со Владата на Р. Македонија, во изминатиот период во болницата во Битола се донесе опрема вредна 5,6 милиони евра. Дел од таа опрема се и радиолошката и анестезиолошката опрема како и нов ултра звук.

**Линкови:**

- http://vlada.mk/node/1626 [Пристапено на: 16.02.2013]

*Оценето од: Марија Теговска*

- http://www.time.mk/cluster/d50515cd54/vo-klinickata-bolnica-vo-bitola-so-nova-medicinska-oprema.html [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

### 44. Изработка на ГУП за Тумбе кафе, во соработка со Владата на Р. Македонија

**Образложение:**

Во текот на месец февруари презентирани беа измените кои се направија во деталниот урбанистички план за Тумбе кафе. Потврда за ова добивме и од Општина Битола, кои на испратеното барање[2] за пристап до јавни информации ја потврдија направената измена на деталниот урбанистички план за Тумбе кафе. Основниот ДУП за Тумбе кафе беше донесен во месец ноември 2009 година.

**Линкови:**

- http://www.tera.mk/aktuel/dup-za-tumbe-kafe [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

### 45. Реконструкција на осветлувањето на Тумбе кафе

**Образложение:**

Реконструкцијата на осветлувањето на Тумбе кафе се очекува да се реализира заедно со целосната реконструкција на Тумбе кафе која е најавена да започне во 2013 година.

**Линкови:**

- Митинг на Владимир Талески, за промоција на својата нова програма за претстојните локални избори. - http://www.tvorbis.com.mk/index.php/joomla-pages-iii/category-list/4284-2013-02-14-15-16-52.html [Пристапено на: 09.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/kade-se-reflektorite-za-stadionot [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

### 46. Трансформација на централното градско подрачје- плоштад Гоце Делчев во пешачка зона со изградба на подземни гаражи и деловни објекти

**Образложение:**

И покрај најавите за изградба на плоштадот Гоце Делчев, што како проект најавено беше дека ќе почне да реализира во текот на 2010 година, сеуште не е започната изградбата ни на пешачката зона, ни на подземните гаражи а истот важи и за отворањето на нови деловни објекти.

**Линкови:**

- http://www.time.mk/cluster/c525335e44/vo-centarot-na-bitola-ke-se-gradi-nov-ploshtad.html [Пристапено на: 16.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/sdsm-za-soobrakjajniot-haos-vo-bitola [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

[2] Барањата и одговорите се достапни на увид за сите заинтересирани

## 47. Реконструкција и асфалтирање на сите главни сообраќајници во градот, изградба на паркинзи и катни гаражи

**Образложение:**

Најавена беше изградба на катна гаража позади зградата на ЈАТ во центарот на градот, за која имаше големо несогласување кај станарите на соседните згради кои протестира против изградбата на катната гаража. И покрај најавата за изградба на катни гаражи нивната изградба се уште не е започната. Според градоначалникот на Општина Битола „изградбата на катна гаража нема да се случи за скоро, затоа што општината се уште не добила согласност од Министерството за транспорт и врски.“

**Линкови:**

- http://www.tera.mk/aktuel/protest-protiv-katnata-garazha [Пристапено на: 16.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/shto-kje-reshat-katnite-garazhi [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 48. Бесплатен курс за работа со компјутери за невработени млади до 30 години

**Образложение:**

Ова ветување е дел од проектот на Владата на Р. Македонија со кој се обезбедува бесплатна обука на граѓаните на Македонија за работа со компјутери. Во интернет кафето кое што се наоѓа во Безистенот се одржуваат бесплатни обуки за основно познавање на компјутери. Обуките се одвиваа во јануари, февруари и март 2012 година. Овие обуки се достапни за сите граѓани на општина Битола.

**Линкови:**

- http://www.mio.gov.mk/?q=node/2759 [Пристапено на: 16.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/besplatna-obuka-za-kompjuteri [Пристапено на: 16.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/besplatni-obuki-za-steknuvanje-kompjuterski-veshtini [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 49. Креирање на можности за даночните обврзници преку интернет со користење на лозинка да извршат увид во своето даночно задолжување кон Општината.

**Образложение:**

На веб страната на Општина Битола, овозможено е даночните обврзници да имаат преглед врз своето даночно задолжување.

**Линкови:**

- http://www.bitola.gov.mk/danoci/ [Пристапено на: 16.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

**50. Отворање социјални сервиси за стари и изнемоштени лица со поддршка на Владата на Р.М**

**Образложение:**
Информации за отворање на ваков социјален сервис нема. Потврда за тоа дека истиот не е изграден има и од граѓаните на Општина Битола

**Оценка: Неисполнето**

**51. Изградба на 6 станбени објекти наменети за продажба**

**Образложение:**
Во изминатиот период како дел од проектот на Владата на Р. Македонија за изградба на нови станбени објекти кои ќе бидат наменети за продажба во Битола беа изградени во населбата Довлеџик

**Линкови:**
- http://vlada.mk/programa/infrastruktura [Пристапено на: 18.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

**52. Набавка на 8 нови специјални возила за подигање комунален отпад**

**Образложение:**
Според изјавата на градоначалникот на Битола, во изминатиот период набавени се 4 специјални возила за подигање на комунален отпад.

**Линкови:**
- Отчет, страна 95 http://www.bitola.gov.mk/ [Пристапено на: 18.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

**53. Проект „Нула толеранција за дивите депонии“ Проектот е замислен така што за секое населено место да се одреди локација каде би можел да се депонира отпадот.**

**Образложение:**
Во рамките на проектот „Нула толеранција за дивите депонии“, бројот на депониите во Општина Битола е намален од 120 на 24. Со цел намалување на бројот на депонии во изминатиот период се спроведуваа акции за чистење на Битола. Но сеуште не е обезбедена локација за секое населено место каде што би можел да се депонира отпадот.

**Линкови:**
- http://www.tera.mk/aktuel/akcija-za-cistenje-na-bitola-06-10-2012 [Пристапено на: 18.02.2013]
- http://www.tera.mk/aktuel/proletna-generalka-na-gradot [Пристапено на: 18.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 54. Изградба на депонија за интерен отпад

**Образложение:**

Јавното комунално претпријатие Комуналец од Битола, во својата програма за работа која е донесена во соработка со Општина Битола, најави селективно собирање на отпад во текот на 2013 година. Информации дека постои депонијата за интерен отпад се уште не е изградена.

**Линкови:**

- http://www.tvorbis.com.mk/index.php/joomla-pages-iii/category-list/4083-2013-01-15-14-48-46.html [Пристапено на: 18.02.2013]
- http://www.tvorbis.com.mk/index.php/joomla-pages-iii/category-list/4348-2013-02-20-14-10-48.html [Пристапено на: 18.02.2013]

**Оценка: Неисполнето**

## 55. Привлекување на странски инвеститори користејќи ги релациите со збратимените градови на Битола и конзуларните претставништва на странските земји во градот.

**Образложение:**

И покрај најавите за голем број на странски инвеститори кои треба да инвестираат во индустриската зона Жабени, до сега единствени странски инвеститори се „Кромберг и Шуберт“.

**Линкови:**

- http://www.tvorbis.com.mk/index.php/joomla-pages-iii/category-list/3176-2012-10-02-13-39-56.html[Пристапено на: 18.02.2013]
- http://www.time.mk/cluster/ae0ec56e4a/gruevski-industriskata-zona-zabeni-ke-ja-razdvizi-bitola.html[Пристапено на: 18.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

## 56. Создавање на јавно- приватни партнерства со локаниот бизнис сектор со цел квалитетна понуда на услуги и добра од јавен карактер.

**Образложение:**

Пример за јавно-приватно партнерство, е партнерството со приватното претпријатие ЈП Комуналец. Информации за други партнерства од овој тип нема.

**Линкови:**

- http://www.tvorbis.com.mk/index.php/joomla-pages-iii/category-list/4348-2013-02-20-14-10-48.html [Пристапено на: 19.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

*Оценето од: Марија Теговска*

## 57. Проект „Мрежа-Развој +“

**Образложение:**
Податоци за реализација на овој проект и за воспоставување на онлајн база на податоци нема. Потврда за тоа добивме како и од Отчетот на градоначалникот на Општина Битола, така и од граѓаните на општината.

**Оценка: Неисполнето**

## 58. Проект „Работен инкубатор“

**Образложение:**
Вработените во Општина Битола потврдија дека простории кои ги обезбедува општината со цел поддршка на младите при наоѓање на работни места, како и поддршка на новосоздадени фирми, не постојат.

**Оценка: Неисполнето**

## 59. БИТ ФЕСТ активен културен живот во текот на летните месеци секоја година

**Образложение:**
БИТ ФЕСТ се одржува од 2006 година и секоја година во периодот од јуни до август нуди најразлични културно-забавни програми.

**Линкови:**

- http://www.time.mk/cluster/2e919aaf4e/zapocna-skopsko-leto-2011.html [Пристапено на: 19.02.2013]
- http://www.bitfest.mk [Пристапено на: 19.02.2013]
- http://bitola.gordsys.net/?Bitfest2010Programa [Пристапено на: 19.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 60. Куќа на културата- реконструкција и трансформација на Домот на АРМ

**Образложение:**
По направениот увид на терен, можеме да заклучиме дека Домот на АРМ не е реновиран и се наоѓа во многу лоша состојба.

*Оценето од: Марија Теговска*

**Оценка: Неисполнето**

## 61. Цела година богата културна понуда (2009-2013)

**Образложение:**

Надвор од фестивалот БИТ ФЕСТ кој се одржува секоја година во летниот период, во Битола во текот на целата година се организираат културни настани. Почнувајќи од Интернационалниот фестивал на филмска камера „Браќа Манаки“, АКТО фестивалот, Илинденски денови, одбележување на 4-ти ноември, традиционални средби во Трново, организирање на Ден на потпелистерските производи...

**Линкови:**

- http://www.tera.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=53737:denev-vo-bitola&catid=83:kultura&Itemid=161 [Пристапено на: 19.02.2013]
- http://www.tera.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=53401:odbrani-proektite-za-scenariskoto-katche-brakja-manakiq-2012-&catid=83:kultura&Itemid=161[Пристапено на: 19.02.2013]
- http://www.tera.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=53687:bogata-programa-na-centarot-za-kultura&catid=49:ritamotnagradot&Itemid=157 [Пристапено на: 19.02.2013]
- http://www.tera.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=52022:nagradeni-najuspeshnite-na-ilindenski-denovi&catid=49:ritamotnagradot&Itemid=157[Пристапено на: 19.02.2013]

**Оценка: Исполнето**

## 62. Реконструкција на Центарот за култура во Битола

**Образложение:**

Во декември 2012 година, промовирана беше нова сцена во Центарот за култура. Но како според граѓаните на Битола така и според дел од аналитичарите на културата во Битола, треба уште многу да се вложува во реконструкцијата на Центарот за култура.

**Линкови:**

- http://www.time.mk/cluster/9565793d77/nova-scena-promovirana-vo-bitola.html [Пристапено на: 27.02.2013]

*Оценето од: Марија Теговска*

- http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=92012856402&id=13&setIzdanie=22684 [Пристапено на: 27.02.2013]

**Оценка: Делумно исполнето**

### 63. Збогатување на книжните фондови на библиотеката Климент Охридски и осовременување на Одделот за заштита и репрографија со поддршка на Владата

**Образложени:**
